КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

# ТАБЕЛА НА ДНЕВЕН НАДОМЕСТ

По одлука бр.0202-9/1 од 15.05.2009 година.

**Воведни одредби**

(1) Во смисла на член 22 од Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) оваа Табела на дневен надомест е составен дел на Општите услови и на секој одделен договор за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) што договорувачот на осигурувањето ќе го склучи со Друштвото за осигурување.

(2) Ако несреќниот случај имал за последица привремена неспособност на осигуреникот, бројот на деновите за кои се исплатува дневен надомест за определен вид на повреда, се утврдува врз основа на лекарската потврда - извештај од член 14 став (8) на Општите услови, но најмногу до бројот на деновите определени за тој вид на повреда во оваа Табела на дневен надомест.

(3) Доколку некој вид на повреда не е наведен во Табелата на дневен надомест, бројот на деновите на дневниот надомест се определува според бројот на деновите предвидени за сличен вид на повреди наведени во Табелата.

## I. ПОВРЕДИ НА ГЛАВА

(1) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:

1. Посткомоционален синдром по болнички или амбулантно утврден потрес на мозокот без постоење на објективни невролошки наоди;
2. Загуба на коса над 1/3 од површината на коса.

(2) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:

1. Дифузни оштетувања на мозокот со клинички утврдена слика на декортизација, односно децеребрација:
   - хемиплегија од инветериран тип со афазија и агнозија;
   - деменција (Корсаковлев синдром);
   - обостран Паркинсов синдром со изразен ригор;
   - комплетна хемиплегија, параплегија, триплегија, тетраплегија;
   - епилепсија со деменција и психичка детериорација;
   - психоза по органска повреда на мозокот.
2. Оштетување на мозокот со клинички утврдена слика:
   - хемипареза со силно изразен спастицитет;
   - екстрапирамидна симптоматологија (невозможна кординација на движењата или постоење на груби ненамерни движења);
   - псевдобулбарна парализа со присилно плачење или смеење;
   - оштетување на малиот мозок со изразени растројства на рамнотежата на одот и координација на движењето.
3. Псевдобулбарен синдром;
4. Епилепсија со зачестени напади и карактеристични промени на личноста, болнички евидентирани, по болничко лекување со соодветни испитувања;
5. Жаришни оштетувања на мозокот со болнички евидентирани последици на психооргански

синдром со наод на психијатар и психолог по болничкото лекување со соодветни испитувања;
6. Хемипареза или дисфазија;
7. Оштетувања на малиот мозок со адиодохокинеза и асинергија;
8. Епилепсија;
9. Контузиони повреди на мозокот;
10. Состојба по трепанација на сводот на черепот или кршење на базата на черепот, сводот на черепот, рентгенолошки верифицирано.

## II. ПОВРЕДИ НА ОЧИ

(3) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Диплопија како трајна и ирепарабилна последица од повреда на око, екстерна и тотална офталмоплегија;
2. Мидријаза како последица на директна траума на окото;
3. Непотполна внатрешна офталмоплегија;
4. Повреда на солзниот апарат и очните капаци: (епифора, ентропиум, ектропиум, птоза на капаците);
5. Концентрично стеснување на видното поле на преостанатото око од 1 до 60 степени;
6. Еднострано концентрично стеснување на видното поле од 1 до 50 степени;
7. Хомонимна хемианопсија.

(4) Дневниот надомест изнесува најмногу до 90 дена за:
1. Ослабување на видот на едно око;
2. Загуба на очно сочиво (афакија и псеудоафакија).

(5) Дневниот надомест изнесува најмногу до 120 дена за:
1. Делумни оштетувања на мрежицата и стаклестото тело.

(6) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Потполна загуба на видот на обете очи;
2. Потполна загуба на видот на едно око.

## III. ПОВРЕДИ НА УШИ

(7) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Повреда на ушната школка со делумна загуба или делумна деформација;
2. Двострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган двострано: вкупна загуба на слухот по Фулер - Сабине од 20 до 30%.

(8) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Потполна глувост на обете уши со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган;
2. Ослабен вестибуларен орган со уреден слух;
3. Потполна глувост на едно уво со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган;
4. Двострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган двострано: вкупна загуба на слухот по Фулер - Сабине од 31-60%;
5. Двострана наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган: вкупна загуба на слухот по Фулер - Сабине од 20 до 30%;
6. Еднострана тешка наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган: загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели;
7. Повреда на ушната школка со потполна загуба или потполна деформација.

(9) Дневниот надомест изнесува најмногу до 90 дена за:
1. Потполна глувост на едно уво со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган на тоа уво;
2. Двострана наглувост со уредна калорична реакција на вестибуларниот орган двострано: вкупна загуба на слухот по Фулер - Сабине од 61 до 85%;
3. Двострана наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган: вкупна загуба на слухот по Фулер - Сабине од 31 до 60%;
4. Еднострана тешка наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган загуба на слухот на ниво од 90 до 95 децибели.

(10) Дневниот надомест изнесува најмногу до 120 дена за:
1. Потполна глувост на обете уши со згаснати калорични реакции на вестибуларниот орган;
2. Двострана наглувост со згасната калорична реакција на вестибуларниот орган: вкупна загуба на слухот по Фулер - Сабине од 61 до 85%.

## IV. ПОВРЕДИ НА ЛИЦЕ

(11) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Белезно деформирачки оштетувања на лицето со функционални пречки и/или посттравматски деформитети на коските на лицето;
2. Загуба на постојаните заби рентгенски потврдено, со стоматолошки преглед.

(12) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Ограничено отворање на уста;
2. Дефекти на виличните коски на јазикот или непцето со фунционални пречки.

(13) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Пареза на фацијалниот нерв по фрактура на спепоочната коска или повреда на соодветната паротидна регија.

## V. ПОВРЕДИ НА НОС

(14) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Аносмиа како последица на верифицирана фрактура на горниот внатрешен дел на носниот скелет;
2. Промена на обликот на пирамидата на носот;
3. Отежнато дишење поради фрактура на носниот септум која е утврдена од соодветен специјалист - клинички и рентгенолошки непосредно по повредата, од соодветен специјалист.

(15) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Повреда на носот: делумна или целосна загуба на носот.

## VI. ПОВРЕДИ НА ДУШНИК И ХРАНОПРОВОДНИК

(16) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Трајна органска засипнатост поради повредата.

(17) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Стеснување на хранопроводникот.

(18) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Стеноза на душникот поради која мора трајно да се носи канила;
2. Потполно стеснување на хранопроводникот со трајна гастростома.

## VII. ПОВРЕДИ НА ГРАДЕН КОШ

(19) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Повреди на ребрата, скршување на едно или повеќе ребра, или на стернумот зараснати со дислокација, без или со намалување на белодробната вентилација од рестриктивен тип;
2. Состојба по торакотомија.

(20) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Оштетување на функцијата на белите дробови од рестриктивен тип со намалување на виталниот капацитет во лесен и среден степен до 50%, настанато како последица на: скршување на едно или повеќе ребра, пенетрантни повреди на градниот кош, посттравматска адхезија, хематоторакс и пневматоторакс.

(21) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Фистула по емпиема;
2. Хроничен белодробен апцес.

(22) Дневниот надомест изнесува најмногу до 120 дена за:
1. Загуба на една дојка.

(23) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Оштетување на функцијта на белите дробови од рестриктивен тип со намалување на виталниот капацитет во силен степен над 51%, настанато како последица на: скршување на едно или повеќе ребра, пенетрантни повреди на градниот кош, пострaвматска адхезија, хематоторакс и пневматоторакс;
2. Загуба на двете дојки;
3. Последици од пенетрантни повреди на срцето и големите крвни садови на градниот кош.

## VIII. ПОВРЕДИ НА КОЖА

(24) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Длабоки белези на телото по опекотини или повреди без пречки на морталитетот, а повредите зафаќаат површина над 5 $см^2$.

(25) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Длабоки белези на телото по опекотини или повреди, со функционални пречки.

## IX. ПОВРЕДИ НА СТОМАЧНИ ОРГАНИ

(26) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Травматска хернија верифицирана во болница, непосредно по повредата ако истовремено покрај хернијата е верифицирана повреда на меките делови на стомачниот ѕид во тоа подрачје;
2. Постоперативна хернија по лапаратомија која е направена поради повредата;
3. Повреда на цревата и/или црниот дроб, слезина, желудник.

(27) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Повреди на дијафрагмата;
2. Сутура или загуба на слезина (спленектомија).

(28) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Повреда на панкреас според функционалното оштетување;
2. Анус претернатуралис - траен;
3. Стеркорална фистула;
4. Инконтиненција алви трајна.

## X. ПОВРЕДА НА УРИНАРНИ ОРГАНИ

(29) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Функционални оштетувања на едниот бубрег во лесен и среден степен до 50% оштетување на функцијата.

(30) Дневниот надомест изнесува најмногу до 120 дена за:
1. Загуба на еден бубрег - со нормална функција на другиот.

(31) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Функционални оштетувања на едниот бубрег во силен степен над 50% оштетување на функцијата;
2. Загуба на еден бубрег со оштетување на функцијата на другиот;
3. Функциоиални оштетувања на двата бубрега;
4. Растројство при испуштање на урина поради повреди на подрачјето на урогениталните органи според Шарие;
5. Повреда на мочниот меур со намален капацитет за секоја 1/3 на намалување на капацитетот;
6. Потполна инконтиненција на урината;
7. Трајна цистостома;
8. Уринарна фистула (уретална, перинеална, вагинална).

## XI. ПОВРЕДИ НА ГЕНИТАЛНИ ОРГАНИ

(32) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Загуба на еден или двата тестиса.

(33) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Загуба на пенисот;
2. Деформација на пенисот со оневозможена кохабитација;
3. Загуба на матката и јајниците;
4. Оштетување на вулвата и вагината кои оневозможуваат кохабитација.

## XII. ПОВРЕДИ НА Р'БЕТ

(34) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Смалување на подвижноста на рбетот како последица на скршување на еден или повеќе пршлени со изменување на линијата на рбетот (кифоза, рибус, сколиоза);
2. Смалена подвижност на рбетот по повредата на коскениот дел на вратниот, торакалниот или лумбалниот сегмент.

(35) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:

1. Повреда на рбетот со трајни оштетувања на рбетниот мозок или периферните нерви (тетраплегија, параплегија, триплегија), со загуба на контролата на дефекацијата и уринирањето;
2. Повреда на рбетниот мозок со целосна парализа на долните екстремитети без пречки на дефекацијата и на уринирањето;
3. Повреда на рбетот со трајно оштетување на рбетниот мозок или периферните нерви (тетрапареза, трипереза) без загуба на контролата на дефекцијата и мочањето, верифицирано со ЕМГ;
4. Повреда на рбетот, со пареза на долните екстремитети.

### XIII. ПОВРЕДИ НА КАРЛИЦА

(36) Дневниот надомест изнесува нај-многу до 60 дена за:
1. Скршување на една или две цревни коски санирани со дислокација;
2. Скршување на срамната или седишната коска санирано со диспокација;
3. Скршување на 2 коски: срамната, седишната, или срамната и седишната, со дислокација;
4. Скршување на крсната коска, санирана со дислокација;
5. Скршеница на тртна коска со дислокација, незарасната псевдоартроза, како и оперативно отстранување на тртната коска.

(37) Дневнкот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Симфизеолиза со дислокација хоризонтална и/или вертикална.

(38) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Повеќекратно кршење на карлицата со тешка деформзција или денивелација на сакроилијакалните зглобови или симфиза.

### XIV. ПОВРЕДИ НА РАЦЕ

(39) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Загуба на палец показалец, среден, домал или мал прст;
2. Загуба на метакарпалните коски на палецот или показалецот;
3. Загуба на метакарпалните коски на средниот, до малиот и малиот прст, за секоја коска.

(40) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Загуба на двете раце или шепи;
2. Загуба на раката од рамото (ексартикулација);
3. Загуба на раката во подрачјето на надлактицата;
4. Загуба на раката под лактот со задржана функција на лактот;
5. Загуба на шепа;
6. Загуба на сите прсти, на едната или двете шепи.

### НАДЛАКТИЦА

(41) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Лабавост на рамениот зглоб со коскени дефекти на зглобните тела;
2. Неправилно зараснато кршење на клучната коска;
3. Псевдоартроза на клучната коска;
4. Делумно исчашување (сублуксација) на акромиоклавикуларниот или стерноклавикуларниот зглоб.

(42) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Намалена подвижност на раката во рамениот зглоб споредена со здравата рака;
2. Постравматско рецивидирачко исчашување на рамениот зглоб кое верифицирано често се јавува;
3. Потполно исчашување на акромиоклавикуларниот или стерноклавикуларниот зглоб рентгенски верифицирано;

(43) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Потполна вкочанетост на рамениот зглоб во функционално поволна положба (абдукција);
2. Ендопротеза на рамениот зглоб;
3. Псевдоартроза на надлактичната коска.

(44) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Потполна вкочанетост на рамениот зглоб во функционално неповолна положба (абдукција);
2. Хроничен остеомиелитис на коските на горните екстремитети со фистула постравматска;
3. Парализа на нервниот аксесориус;
4. Парализа на брахијалниот плексус;
5. Делумна парализа на брахијалниот плексус (ЕРБ или КЛУМПКЕ);
6. Парализа на аксиларниот нерв;
7. Парализа на радијалниот нерв;
8. Парализа на нервот медианус;
9. Парализа на нервот улнарис;
10. Парализа на два нерва од едната рака;
11. Парализа на три нерва од едната рака.

### ПОДЛАКТИЦА

(45) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Псевдоартроза на улната;
2. Намалена ротација на подлактицата (просупинација) споредена со здравата рака;
3. Намалена подвижност на рачниот зглоб спореден со здравата рака;
4. Ендопротеза на чунестата коска и/или ослинатум (месечеста коска).

(46) Дневниот надомест изнесува најмногу до 90 дена за:
1. Потполна вкочанетост на зглобот на лактот во функционално неповолна положба;
2. Намалена подвижност на зглобот на лактот, споредена со здравата рака;
3. Разлабавен зглоб на лактот (разлабавување во фронтална рамнина) - осцилација на движењата во попречна насока;
4. Анкилоза на рачниот зглоб;
5. Ендопротеза на рачниот зглоб.

(47) Дневниот надомест изнесува најмногу до 120 дена за:
1. Ендопротеза на лактот.

(48) Дневниот надомест изнесува најмногу до 200 дена за:
1. Псевдоартроза на двете коски на подлактицата;
2. Псевдоартроза на радиусот;
3. Анкилоза на подлактицата во супинацкја;
4. Анкилоза на подлактицата во средна положба;

5. Анкилоза на подлактицата во пронација.

**ПРСТИ**

(49) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Скршување на метакарпалните коски;
2. Намалена подвижност на дисталниот или базалниот зглоб на палецот;
3. Намалена подвижност на одделни зглобови на показалецот, средниот, до малиот или малиот прст.

(50) Дневниот надомест изнесува најмногу до 90 дена за:
1. Потполна вкочанетост на сите прсти од едната рака;
2. Потполна вкочантост на целиот палец, целиот показалец, средниот, до малиот и малиот прст;
3. Намалена подвижност на палецот по уредно зараснато скршување на база на метакарпална коска (Бенет);
4. Неправилно зарасната Бенетова скршеница на палецот.

## XV. ПОВРЕДИ ХА ХОЗЕ

(51) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена за:
1. Слободно зглобно тело поради повреда.

(52) Дневниот надомест изнесува најмногу до 60 дена за:
1. Големи и длабоки белези во мускулите на натколеницата или потколеницата како и травматските хернии на мускулите на натколеницата и потколеницата без нарушување на функцијата на зглобот;
2. Оштетување на менискусот со рецидивирачки пречки артоскопски потврдено или состојба по оперативно отстранување на менискусот;
3. Функционални пречки по отстранување на чашката;
4. Рецидивирачки травматски синоватис на коленото и/или травматска хондромалација на чашката артроскопски верифицирани;
5. Деформација на една метатарзална коска по поголема деформација на метатарзусот по кршење на метатарзалните коски;
6. Потполна вкочанетост на еден или повеќе зглобови на прстите на нозете;
7. Деформација или анкилоза на 2 - 5 прст на ногата во свиена положба (дигитус флексус);
8. Големи белези на петата или табанот по дефектите на меките делови.

(53) Дневниот надомест изнесува најмногу до 100 дена за:
1. Целосна или делумна заг/ба на еден од петте прсти на стапалото;
2. Ендопротеза на колкот;
3. Намалена подвижност на колкот компарирана со здравиот колк со РТГ верификација;
4. Циркулаторни промени по посттравматско оштетување на големите крвни садови на долните екстремитети верифицирано со Доплер;
5. Намалена подвижност на зглобот на коленото, компарирано со здравото колено;
6. Намалена флексија на коленото за помалку од 15 степени;
7. Разнишаност на коленото по повреда на капсулата и лигаментарниот апарат компарирана со здравото колено;
8. Ендопротеза на коленото;
9. Анкилоза на скоковниот зглоб во функционално поволна и неповолна положба (5 - 10 степени плантарна флексија);
10. Намалена подвижносг на скоковниот зглоб компарирано со здравиот скоковен зглоб;
11. Ендопротеза на скоковиот зглоб;
12. Травматско проширување на мелеоларна, бималеоларна тmarkдмалеоларна вилушка на стопалото компарирано со здравото стапало;
13. Деформација на стапалото со скршеници на коските пес ескаватус, пес плановалгус, пес варус, пес еквинус;
14. Изолирани кршења на коските на тарзусот без поголеми деформации.

(54) Дневниот надомест изнесува нај-многу до 200 дена за:
1. Загуба на двете натколеници;
2. Ексартикулација на нога во колк;
3. Загуба на натколеница во горната третина, осакатениот бут непогоден за протеза;
4. Загуба на натколеница под горната третина;
5. Загуба на двете потколеници, осакатените делови погодни за протеза;
6. Загуба на потколеница;
7. Загуба на едно или две стапала;
8. Загуба на стапало во Шопартова линија;
9. Загуба на стапало во Лисфранова линија;
10. Трансметатаразална ампутација;
11. Загуба на една или повеќе од петте метатарзални коски;
12. Загуба на сите прсти на стапалото на една нога;
13. Потполна вкочанетост на колкот во функционално поволна или неповолна положба;
14. Потполна вкочанетост на двата колка;
15. Псевдоартроза на вратот на бутната коска со скратување;
16. Деформирачка посттравматска артроза на колкот, скршеница на главата, вратот или пертрохантерната регија или исчашување, со смалена подвижност на колкот со РТГ верификација - компарирано со здравиот колк;
17. Псевдоартроза на бутна коска;
18. Неправилно зарастено кршење на бутната коска со ангулација во варус, валгус позиција;
19. Хроничен остеомиелитис на коските на долните екстремитети;
20. Скратување на ногата поради кршење;
21. Вкочанетост на коленото (до 10 степени флексија), во функционално поволна или неповолна положба;
22. Деформирачка артроза на коленото по повредата на зглобовните тела со намалена подвижност,

компарирана со здравото колено, со рентгенолошка верификација;
23. Псевдоартроза на тибијата со или без коскен дефект;
24. Неправилно зараснато кршење на потколеницата во валгус, варус или рекурватум деформација, компарирано со здравата потколеница;
25. Деформација на калканеусот по компресивно кршење;
26. Деформација на талусот по кршењето со деформирачка артроза;
27. Парализа на исхијадичниот нерв;
28. Парализа на феморалниот нерв;
29. Парализа на тибијалниот нерв;
30. Парализа на пероеналниот нерв;
31. Парализа на глутеалниот нерв.

(55) Дневниот надомест изнесува најмногу до 30 дена:
За останатите повреди на било кој дел од телото кои не се опишани во Табелата на дневен надомест како контузии, дисторзии, фисури, рани и слични полесни повреди.